# АЛАРМ 27 | БУЏЕТОТ НА РМ ЗА 2016 ГОДИНА

## Буџет на РМ за 2006 - 2014 - 2016 (во милијарди евра)




## Проектирани приходи и расходи во буџетите 2006, 2014 и 2016 година: (во милијарди евра)




Владата продолжува да ги зголемува планираните расходи т.е. трошењето за 2016 година, кои во рамки на Буџетот се планирани на 3,18 милијарди евра. Во текот на последните 10 години Владата го зголемила Буџетот за скоро два пати. Се поставува прашањето дали двојно се зголемени обемот и квалитетот на јавните услуги за граѓаните во последните 10 години.

Буџетот за 2016 година покажува дефицит од 310 милиони евра што посочува на заклучокот дека Владата зголемените трошоци во 2016 година ќе ги финансира со позајмици. Износот на дефицитот во 2016 година е за 11 пати поголем во апсолутен износ од буџетскиот дефицит во 2006 година, кога изнесувал 27,76 милиони евра. Драстично е зголемен и износот на буџетскиот дефицит како соодност со БДП, кој за 2016 година изнесува 3,2% од БДП споредено со 0,55% од БДП во 2006 година.

Ако се анализираат буџетите на поодделни владини органи, може да се согледа дека најголем пораст во 2016 година има кај Министерството за транспорт и врски и тоа за 15 пати во однос на 2006 година, кај Владата на РМ за 8 пати и кај Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ за 4,5 пати.

Најскап државен орган во 2016 година ќе биде Министерството за здравство. Дали тоа ќе обезбеди помалку жртви по болниците во Македонија останува да видиме!!!

## Раст на буџети на одделни институции 2006 – 2014 – 2016 (во милиони евра)




## Раст на бројот на вработени по институции 2006 – 2014 – 2016




## Најскапи институции во 2016

| 2014 | Институција | 2016 |
|---|---|---|
| 20 861 € | Министерство за здравство | 97 105 € |
| 49 170 € | Дирекција за технолошки индустриски развојни зони | 66 276 € |
| 63 200 € | Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ | 54 552 € |
| 75 000 € | Агенција за промоција и поддршка на туризмот | 41 057 € |
| | Биро за застапување на РМ пред Европскиот суд за човекови права | 38 130 € |
| | Совет за јавни набавки | 34 065 € |
| 36 406 € | МАНУ | 31 170 € |
| 29 886 € | Служба за општи и заеднички работи на Владата на РМ | 30 276 € |
| 49 200 € | Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати | 27 739 € |
| 40 113 € | Влада на РМ | 24 975 € |

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА